3/2016

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До:**
Здружението Хелсиншки комитет за човекови права
на Република Македонија
ул. Наум Наумовски Борче бр. 83
1000 Скопје

**За:**
Уранија Пировска, Извршна директорка

**Предмет:** Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со Вашето барање, за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-199 од 15.03.2016 година, доставено до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ден 16.03.2016 година, заверено со наш архивски бр.12-1476/1, Ви ги доставуваме бараните информации од јавен карактер, и тоа:

1. Колку претставки има добиено Агенцијата во текот на 2015 година?

- Во текот на 2015 година, во Уписникот за предметите по претставки и предлози (Образец УПП), на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, евидентирани се вкупно 71 претставка и предлог, и по нив е постапено во согласност со Законот за постапување по претставките и предлозите ("Службен весник на Република Македонија", бр.82/08, 13/13, 156/15, 193/15).

2. Колку од овие претставки се поднесени од физички лица, а колку од здруженија на граѓани или други правни лица?

- Од вкупно поднесени 71 претставка и предлог, во текот на 2015 година, 22 се од правни лица (здруженија на граѓани или други правни лица), а 49 се од физички лица.

3. Во колку случаи Агенцијата извршила надзор по сопствена иницијатива?

- Во првите три месеци од 2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по сопствена иницијатива изврши вкупно 87 надзори, од кои:

- 59 на радиодифузери,
- пет на 20 издавачи на печатени медиуми и
- 21 на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи.

Бр. 12-1476/2

Скопје 06.04.2016г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република
Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

4. Во колку случаи Агенцијата утврдила повреда на Законот за медиуми и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во текот на месец јануари, февруари и март 2016 година?

4.1. Констатирани повреди кај радиодифузери

- Во јануари 2016 година, констатирани се следниве прекршувања:

1. МРТ 1
   - Член 55 ставови 5, 6 и 7 (пласирање производи)
   - Член 92 ставови 2 и 14 (изворно создадена програма)

2. МРТ 2
   - Член 14 (импресум)
   - Член 92 ставови 2 и 14 (изворно создадена програма)

3. Канал 5 Плус
   - Член 92 став 1 (изворно создадена програма)
   - Член 14 (импресум)

4. Наша ТВ
   - Член 92 ставови 1 и 14 (изворно создадена програма)

5. 24 вести
   - Член 92 ставови 1 и 14 (изворно создадена програма)

6. ТВ Сонце
   - Член 64 став 3 (непреведени содржини на македонски јазик)
   - Член 50 став 3 (заштита на малолетни лица)

7. ТВ Еми Радовиш
   - Член 15 став 3, а во врска со став 6 од истиот член од Законот за медиуми, (и во дополнителниот рок од 45 дена кој и го даде Агенцијата не ги објави на својата програма податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година и до Агенцијата не достави снимка од објавата).

- Во февруари 2016 година, со редовен надзор, констатирани се следниве прекршувања:

1. ТВ Сител – за член 50 став 3 (заштита на малолетна публика) и за член 92 став 14 (половина од изворно создадената програма не е емитувана во периодот од 7 до 19 часот);

2. ТВ Канал 5 - за член 55 ставови 6 и 7 (правила за пласирање производи);

3. ТВ Алсат М – за член 14 од Законот за медиуми (импресум);

4. ТВ Телма – за член 92 ставови 1 и 14 (обврските за емитување изворно создадена програма).

Исто така, со вонреден надзор (еден по претставка и еден по службена должност), констатирани се и следниве прекршувања:

1. ТВ Сител – за член 61 (програмските стандарди);
2. ТВ Сител 3 – за член 50 став 3 (заштита на малолетници).

- Во март 2016 година, констатирани се следниве прекршувања:

1. ТВ 21-М
 - член 51 (информации за корисниците);
 - член 14 (импресум);
 - член 53 став 2 (прикриено рекламирање);
 - член 52 (правила за програми со наградно учество);
 - член 50 став 3 (заштита на малолетници);
 - член 92 ставови 1 и 14 (изворно создадена програма)

2. ТВ Шења
 - член 92 ставови 1 и 14 (изворно создадена програма)

3. ТВ АРТ
 - член 51 (информации за корисниците);
 - член 92 ставови 1 и 14 (изворно создадена програма).

4. Дополнително по службена должност Агенцијата направи вонреден надзор врз неколку изданија од емисијата „Миленко Неделковски шоу" што се емитува на ТВ Канал 5 и ТВ Канал 5 Плус во кои констатираше прекршување на посебните забрани од ЗААВМУ (член 48 - говор на омраза).

4.2. Констатирани повреди кај ИПМ и ОЈКМ

1. Издавачи на печатени медиуми - **три** повреди на член 14 став 1 од Законот за медиуми (неисполнување во целост на обврската на видно место за секој поединечен носител на содржина да бидат објавени следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум".

2. Оператори на јавни електронски комуникациски мрежи – (вкупно десет) од кои: **шест** повреди на член 141 од ЗААВМУ (реемитување на програмски сервиси кои не се регистрирани согласно со овој член); **три** на член 64 став 2 од ЗААВМУ (неисполнување на обврската програмските сервиси што се реемитуваат преку јавни електронски комуникациски мрежи доколку се титлуваат на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени, да бидат титлувани на македонски јазик, или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, освен телешопингот и рекламите, и **една** на член 143 од ЗААВМУ (реемитување програмски сервис на домашен радиодифузер надвор

од сервисната зона за која радиодифузерот ја има добиено дозволата за обезбедување на телевизиско емитување и врз основа на регулирани авторски права и сродни права, согласно со Законот за авторските права и сродните права).

5. Во колку случаи Агенцијата утврдила повреда на Законот за медиуми и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во текот на 2015 година? За кои медиуми се работи во конкретните случаи/ Кои санкции биле изречени на медиумите?

- Во текот на 2015 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги утврдила вкупно 244 повреди на одредбите од Законот за медиуми и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, од кои:

- 204 повреди на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и
- 40 повреди на одредбите од Законот за медиуми.

.... Во прилог на овој Одговор на Барање, како Прилог бр.1, доставуваме податоци за медиумите кон кои се изречени мерките и за видовите мерки кои се изречени од страна на Агенцијата во текот на 2015 година.

6. Во колку случаи Агенцијата утврдила повреда на Законот за медиуми и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во текот на 2014 година?

- Во текот на 2014 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги утврдила вкупно 179 повреди на одредбите од Законот за медиуми и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, од кои:

- 150 повреди на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и
- 29 повреди на одредбите од Законот за медиуми.

Срдечен поздрав,

Службено лице при остварување на правото
на слободен пристап до информации,

Цветанка Митревска

Прилог: (1)

Имател на информација
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги,
Директор

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ